## МАКЕДОНИЈА КАКО ПРИРОДНА И ЕКОНОМСКА ЦЕЛИНА, Скопје, ИНИ, 1978, 347.

Минатата година, во издание на Институтот за национална историја од Скопје, излезе од печат трудот „Македонија како природна и економска целина". Ова е превод на објавениот во Софија во 1945 година, по повод двократниот македонски празник Илинден, на бугарски јазик труд „Македония като природно и стопанско цяло".

Во предговорот на ова издание, напишан од Душко Поповски, накратко е резимиран споменатиот труд и е нагласено дека во него Македонија е разгледана во нејзините географско-етнографски рамки, независно од нејзината поделба по балканските војни. Потоа е поместен преведениот текст и на крајот е библиографијата што е користена при подготвувањето на трудот.

Во уводниот дел на овој труд е третирано местото на Македонија на Балканскиот Полуостров и се посочени нејзините граници, во кои таа зафаќа површина од 67.742,2 км².

Текстот што следи е поделен на два дела, при што, во првиот се разгледани одделните македонски области, чија поделба е извршена врз база на речните сливови, односно географско-геолошките и климатско-стопанските сличности, а во вториот дел е разгледана Македонија како целина.

Во првиот наслов од првиот дел на трудот е разгледана областа на река Бистрица, при што одделно е даден преглед за Костурскиот крај и Населичката котлина, и одделно за Селфиџеската и Стариолската котлина, со градските центри Костур и Кожани.

Натаму се изнесени основните географски, стопански и популациони карактеристики на најпространата македонска област — Приморска Македонија, и притоа одделно се разгледани нејзините микроцелини, односно Солунската област, Халкидичкиот Полуостров, Лагадинско-Бешичката Котлина, областа на Круша Планина, краиштата околу долниот тек на Струма, и Кавалскиот крај. Овде е даден краток осврт за сите градски населби што се развиле на значајните сообраќајници или во котлините на оваа област, и со оглед на местото и улогата што Солун со векови ја имал за Македонија му е посветен повеќе простор.

Во одделен наслов е разгледана областа на река Места, каде поради различната надморска височина и оддалеченост од морето, се воочени разликите меѓу нејзиниот горен тек односно Неврокопската и Разлошката Котлина, и нејзиниот долен тек.

Во следниот наслов е даден осврт за краиштата по средниот тек на струма (Горно Џумајската, Симитлиската, Св. Врачко-Петричката Котлина и Мелничкиот крај), и котлините по текот на Струмешница (Радовишката и Струмичката).

Котлините по средниот тек на Вардар: Скопската, Велешката и Тиквешката, и котлините по неговите леви притоки Пчиња и Брегалница со сите градски и локални центри, во прикажува-

ниов труд се разгледани во т.н. Вардарска област односно област на Средна и Северна Македонија.

Во последниот наслов од првиот дел се изнесени основните карактеристики на Пелагонија, Поречие, Кичевскиот крај, крајот Река, Полог; Охридскиот и Преспанскиот крај, кои во трудов се означени како Северозападна Македонија.

Во првите три наслови од вториот дел на трудот се изнесени природните одлики на цела Македонија, при што е нагласено дека, различниот релјеф, клима, хидрографија и почви овозможиле разнообразно стопанство во земјата.

Натаму е даден краток историјат на демографските, етнографските и социјалните односи, и при тоа се нагласени промените што настанале во времето на османлиското владеење, и по 1913 година. Од изнесените податоци за бројната сотојба на населението на Македонија во нејзините природни граници (кои се однесуваат на крајот на дваесеттите и почетокот на триесеттите години на XX век) се гледа дека таа била населена со 2.642.353 жители.

На крајот се разгледани стопанските прилики во Македонија и тоа одделно сите постојни стопански гранки. Откако е констатирано дека земјоделството, сточарството и занаетчиството достигнале значаен напредок во средината на минатиот век, е истакнато дека напливот на европските индустриски стоки и особено поделбата на Македонија во 1913 година негативно се одразиле врз стопанскиот растеж на земјата, а исто така го зголемиле бројот на македонските печалбари. Во врска со рударството и индустријата е нагласено дека, и покрај домашните суровини и ефтина работна рака, историските околности, недостигот на капиталот и електричната енергија биле пречка за развојот на индустријата во земјата. Што се однесува до сообраќајот е нагласено, дека Македонија одсекогаш претставувала значаен крстопат на меридијански и трансверзални патишта. Трудот „Македонија како природна и економска целина" завршува со прегледот на трговските прилики. И за оваа стопанска гранка која поинтензивно почнала да се развива од крајот на XVIII век е речено дека политичките промени од крајот на XIX и почетокот на овој век и врз неа негативно се одразиле.

Во заклучокот на трудот е нагласено, дека Македонија претставува заокружена природна целина амфитеатрално свртена кон Солунскиот Залив, која во последните векови на османлиското владеење се оформила и во економска и етнографска целина, но дека нејзиниот натамошен просперитет бил спречен со вештачката поделба во 1913 година.

Иако за првпат објавен пред триипол децении, во овој труд мошне успешно се разрешени поставените задачи во насловот, кои се разгледани низ нивниот историски развиток. Прилично простор исто така им е посветен на демографските прилики во Македонија, при што се посочени компаративни статистички податоци за населението во сите македонски краишта односно по-

големи населби, и тоа одделно за Македонците, одделно за народностите. Извесни забелешки што можат да се упатат на распоредот на текстот, на обласната поделба, и на фактот дека на одделни наслови им е посветен повеќе простор а на други помалку, ни малку не ја намалува вредноста на трудот „Македонија како природна и економска целина", зашто пред објавувањето на „Историјата на македонскиот народ" тој бил речиси единствено дело во кое е претставена македонската стварност. Кога се има предвид дека овој труд за првпат е објавен во НР Бугарија, каде што во последните години настојчиво се негира таа стварност, вредноста на овој труд е уште поголема.

Милка ЗДРАВЕВА

## ГЛАСНИК, ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА. год. XXII, бр. 1—2, Скопје, 1978, 320.

Двете уводни статии на овој двоброј на „Гласникот" се посветени на 30-годишниот јубилеј на Институтот за национална историја во Скопје. Првата статија (7) е поздравен говор на претседателот на Претседателството на СРМ Видое Смилевски упатен до славениците-колективот на споменатиот Институт, а во втората (13) Орде Ивановски, директор на споменатава научна институција, ги изнесува во кратки црти најважните моменти од творечката дејност на ИНИ во изминатите три децении.

Во рубриката *Статии и Прилози Душко Поповски* пишува на тема *Илинденската револуција и Крушевската република во борбата на македонскиот народ за национално и социјално ослободување* (19). Всушност, тоа е негов уводен реферат поднесен на научниот симпозиум „Местото на Илинденското востание и Крушевската република во борбата на македонскиот народ за национално и социјално ослободување", одржан во Крушево од 3 до 5 август 1978 година. Во статијата авторот ги разгледува Илинденското востание и Крушевската република како националноослободителна, антиимперијалистичка и антихегемонистичка револуција на македонскиот народ. Покрај ова, во статијата се разгледуваат и условите во Македонија по задушувањето на Илинденската револуција и Крушевската република, свртувањето на националноослободително движење на македонскиот народ кон лево во пост-илинденскиот период, заедничката борба на македонскиот народ со другите народи во Југославија во која македонскиот народ со победата на Народноослободителната борба и Револуцијата ја извојува својата национална и социјална слобода. На крајот е даден и осврт на позитивниот период во бугарската научна и општествена јавност кон Илинденската револуција, Крушевската република и кон НРМ кој